INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

National Endowment for Democracy
*Supporting freedom around the world*

Панел дискусија

# ТРАНЗИЦИСКАТА ПРАВДА КАКО ПАТ НА НОРМАЛИЗАЦИЈА И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ПОСТ-АВТОРИТАРНОТО ОПШТЕСТВО

10 декември 2018 / 10 часот / Хотел Солун, Скопје

Почитувани,

Чест ни е да поканиме на панел дискусијата организирана од страна на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје на тема: „Транзициската правда како пат на нормализација и демократизација на пост-авторитарното општество“.

На дискусијата ќе земат учество: Гордан Георгиев, Џабир Дерала, Харалд Шенкер и Катерина Колозова (Модератор).

Целта на настанот е да ги преиспита постоечките методи на транзициската правда и нивните нужни прилагодувања на македонскиот контекст. Според појдовните претпоставки на методите на транзициската правда, онака како што се елаборирани во прирачниците Обединетите нации, после смена на едно авторитарно уредување со власт која тежнее кон демократизација, патот кон правната држава оди преку еден вид национално помирување. Овој процес се сведува на намалување на поларизацијата на јавниот говор, но и на несудски разрешници на трауматски искуства кои во нормални услови би ги решавала правната држава. Транзициската правда поаѓа од претпоставката дека во едно траумaтизирано општество на компромитирани институциите, судскиот систем сам по себе нема ниту капацитет на апсорпција ниту професионален капацитет и интегритет соодветно да „подели правда.“ Затоа, се прибегнува кон средства како комисии на вистина и помирување, скалеста или (ретко) потполна амнестија и судски разрешници за престапи кои се преголеми за да можат да бидат праведно санкционирани по пат на другите форми на транзициска правда.

Панел дискусијата ќе се одржи на 10 декември (понеделник) во 10.00 часот во Хотел Солун, Скопје.